РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА
ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО И ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО ВО 2024 ГОДИНА

Годишен извештај

| | |
|---|---|
| **Период за кој се известува: 2024 година**<br><br>**Вкупен буџет: 3.000.000,00 ден.**<br><br>**Број на вработени**: / | **<u>Одговорно лице</u>**<br><br>**Име и презиме:** Милка Масникоса<br><br>**Звање** Претседател на Државниот совет за превенција на детско престапништво и правда за децата<br><br>**E-mail:** dspdp@justice.gov.mk<br><br>***<u>www.dspdp.com.mk</u>*** |

***СОДРЖИНА***


1. Резиме
2. Вовед
3. Статут, раководство, надлежности и организациона структура
4. Реализирани активности произлезени од законските надлежности, план за работа

   и стратешки план
5. Активности за подобрување на квалитетот во работење
6. Соработка со други институции и меѓународна соработка
7. Буџет, завршна сметка и финансирање
8. Заклучоци
9. Препораки

10.Прилози

Прилог 1: Обработени податоци од собраните индикатори

Прилог 2: Табели за собирање на податоци по 32 индикатори од институциите (центри за социјална работа, полиција, јавни обвинителства, судови)

## *СПИСОК НА КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ*

| | |
|---|---|
| ДС | Државен совет за превенција на детско престапништво и правда за децата |
| ОСПДП | Општински совети за превенција на детско престапништво |
| ЗСД | Завод за социјални дејности |
| ЗПД | Закон за правда за децата |
| ЈО | Јавно обвинителство |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МП | Министерство за правда |
| МСПДМ | Министерство за социјална политика, демографија и млади |
| НВО | Невладина организација |
| НП | Народен правобранител |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ОС | Основен суд |
| ПС | Полициска станица |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| УНИЦЕФ | Канцеларија на УНИЦЕФ |
| УИС | Управа за извршување на санкции |
| ЦСР | Центар за социјална работа |

## *1. РЕЗИМЕ*

Годишниот извештај на ДС дава преглед на состојбата со правата на децата и детското престапништво на Република Северна Македонија во 2024 година, постигнатиот напредок во однос на препораките од претходниот извештај, клучните предизвици и насоки за нивно надминување. Во извештајот се содржани податоци за остварување на правата на децата, нивната заштита и реализираните превентивни мерки од страна на институциите.

Извештајот, исто така, дава осврт на работата на ДС во текот на извештајната година и предлага решенија кои ќе ја подобрат неговата работа.

Во тековната година, ДС ги следеше и документираше состојбите врз основа на 32 стандардни индикатори, развиени според меѓународни стандарди, земајќи ги предвид националните приоритети и специфичности. Врз основа на добиените и анализирани податоци доставени од 87 институции согласно индикаторите, во 2024 година може да се изведат следниве заклучоци:

- **процентот на деца во ризик** во 2024 бројот е зголемен за 3% во однос на 2023 и за 14% во однос на 2022 година (индикатор 1);
- **бројот на женски деца во ризик** во 2024 е зголемен за 14% во однос на 2023 година и за 44% од 2022 година (*индикатор 1);*
- се забележува намалување на **деца во судир со закон односно деца повикани во полициска станица** за 238 деца или за 16% во однос на 2023 година, од кои најголем број биле повикани во својство на пријавени *(индикатор 3);*
- процент на **женски деца кои биле повикани во полициска станица** бил највисок во својство на оштетени - 108 деца, а најнизок во својство на сведоци - 42 деца *(индикатор 3;)*
- најголем број **деца жртви** има во МВР, па во ЈО, значително е зголемен бројот на деца жртви во ЦСР, а најмалку имало деца жртви во судовите *(индикатор 2);*
- се забележува намалување на процентот на **деца сторители на прекршоци** за 55% во однос на 2023 и 2022 година, од кои 93% се деца од машки пол, а 7% биле женски деца (*индикатор 4);*
- во 2024 година разговор со повиканите деца во полициска станица во кои **има посебно опремени простории за разговор со деца** (вкупно 8 простории на територија на државата) е воден со 6 деца, односно со 0,5% од повиканите деца, што упатува на тоа дека од година во година значително се намалува бројот на деца со кои се разговарало во посебна просторија *(индикатор 5);*
- правото на **бранител во полиција** го оствариле 398 деца, односно 32% од повиканите деца, што е намалување за 5 процентни поени во однос на 2023 година *(индикатор 9);*

- **мерки на помош и заштита** биле применети кон 2657 деца, односно кон 70% од децата во ризик. Споредено со претходните години, процентот на децата во ризик кон кои биле применети мерки за помош и заштита во 2023 е за 4 процентни поени повисок и 22% повисок од 2022 година *(индикатор 7);*
- постои умерен тренд на зголемување на **бројот на применети мерки на помош и заштита по дете** во 2024 година, кога биле применети по 1.7 мерки во однос на 2023 кога биле применети 1.5 мерки *(индикатор 8);*
- во 2024 година се бележи **тренд на зголемување на успешно спроведени постапки за посредување во ЦСР.** Оваа постапка во 2024 е применета кај 102 деца во ризик, а успешно е спроведена спрема 25 деца (24%). Посредувањето во 2023 година е успешно спроведено кај 8 деца, а во 2022 година било успешно спроведено кај 4 деца *(индикатор 10);*
- ДС констатира дека во најголем број случаи се применуваат **мерки/санкции кои не вклучуваат лишување од слобода** на децата, што кореспондира со начелата содржани во Законот за правда за децата;
- продолжува трендот на мал број на деца спрема кои е определена **мерката притвор**, па во 2024 година оваа мерка е изречена спрема 6 деца. Во 2023 година оваа мерка била определна спрема 10 деца а во 2022 година спрема 11 деца *(индикатор 20);*
- не се бележи значителна промена во однос на изречени **дисциплински мерки** кои во 2024 година биле изречени спрема 37% од случаите, во 2023 година спрема 31%, а во 2022 година спрема 32% од случаите *(индикатор 16);*
- во 2024 година на 10 деца им е изречена мерка Упатување во Центар за деца споредено со 2023 година кога нема случај на изречена дисциплинска мерка - **Упатување во Центар за деца** *(индикатор 16)*[1]*;*
- продолжува трендот на зголемена примена на процентот на изречени **мерки на засилен надзор**. Така, во 2024 година биле изречени спрема 63% од децата, во 2023 година спрема 62%, а во 2022 година спрема 54% од децата *(индикатор 17);*
- се забележува мало зголемување на изречените **заводски воспитни мерки,** кои во 2024 година биле изречени спрема 20 деца, во 2023 година за 12 деца, а во 2022 спрема 18 деца *(индикатор 18);*
- во воспитна установа се упатени 8 деца и во ВПД се упатени 12 деца, од кои 16 мерки се изречени спрема машки деца, а 4 спрема женски деца*;*
- изрекувањето на **казна затвор за деца** е во многу мал процент. Во 2024 година оваа казна е изречена спрема 6 деца, од кои 5 се машки и едно

[1] Со оглед на тоа што ЦСР Струмица нема добиено решение за извршување на оваа мерка, ДС смета дека овој податок треба да се земе со резерва.

женско дете. Во 2023 година била изречена на три деца, а во 2022 година на 4 деца *(индикатор 19);*

- во 2024година не е донесено **решение за условен отпуст,** за разлика од 2023 година кога било донесено решение за условен отпуст за две деца *(индикатор 21);*

- во однос на **помош од ЦСР на деца по излегување од установа**, во 2024 година на 3 деца им била запрена од извршување заводската мерка или казна, за кои од страна на ЦСР била обезбедена помош. Во 2023 година на едно дете му била запрена од извршување заводската мерка или казна *(индикатор 11);*

- во однос на **изрекувањето на алтернативните мерки,** во 2024 година се бележи намалување во изрекувањето на овие мерки, па така во оваа година алтернативна мерка е изречена на едно дете од женски пол и тоа условна осуда со заштитен надзор. Во 2023 година овие мерки се изречени на 6 деца, а во 2022 на 4 деца *(индикатор 22);*

- во 2024 година била изречена една **мерка на безбедност,** што е некакво придвижување од 2022 и 2023 година, кога не биле воопшто применети *(индикатор 23);*

- Во однос на **формите на ресторативна правда** што ги нуди Законот за правда за децата:

✓ постои зголемување на примена на **мерки на одвраќање** во ЈО во 2024 година кога вакви мерки биле определени кон 67 деца споредено со 2023 година кога биле определени кон 53 деца и 2022 година спрема 18 деца (*индикатор 14);*

✓ и во 2024 како и во 2023 и 2022 година ниту едно дете не било упатено на **медијација од судовите.** ЈО во 2024 година спровело медијација спрема едно дете *(индикатор 12);*

✓ во 2024 година како и во предходните години **постапката за признавање на одговорноста и спогодување за висината на казната** воопшто не била применета *(индикатор 15);*

- во 2024 година исто како и во 2023 година, постапка за спогодување е успешно завршена кај 12% од вкупниот број на деца кои извршиле прекршок.[2] Во 2024 година ЈО поднел **предлог до судот за изрекување санкција** спрема 26% од децата за кои е поднесена кривична пријава, што

[2] Со стапувањето во сила на Законот за прекршоци („Службен весник на Република Северна Македонија" број 96/19) постапката за спогодување со деца сторители на прекршоци не беше регулирана, се до стапувањето во сила на новиот Закон за правда за децата („Службен весник на Република Северна Македонија " број 66/24). Во 2023 година, како и во претходните години, спогодувањето не е вршено врз основа на регулирани правни норми. Наведениот процент на успешни завршени постапки се однесува на дискреционото право на полицијата да користи поблаги методи за постигнување на целта (во конкретниов случај за полесни форми на предкршоци каде што се изрекувани предупредувања во присуство на родител/старател, со цел да се избегне формалната судска постапка за деца сторители на прекршоци).

преставува значително намалување споредено со предходните години: во 2022 година е 40%, а во 2023 година е 43% *(индикатор 13);*

- во 2024 година судовите не донеле ниту една одлука за **обештетување на дете жртва**, што е намалување споредено со 2023 година кога биле донесени судски одлуки за обештетување на 9 деца.

Клучниот предизвик идентификуван во изминатата година, како и неколку години претходно, е неисполнувањето на законската обврска за формирање општински совети за превенција на детско престапништво во голем дел од општините во РСМ и покрај законската обврска и казнената одредба што се пропиша во ЗПД. Во некои општини воопшто не се формирани општински совети, во дел се формирани, но не се активни и во многу мал дел од општините формираните општински совети навистина се активни. Главниот проблем е во отсуство на финансиски средства за остварување на нивните активности во буџетите на единиците на локалната самоуправа.

Исто така, оваа година Државниот совет констатираше дека од страна на одредени судови не се доставуваат податоци или не се доставуваат соодветни и релевантни податоци согласно индикаторите за следење на примена на Законот за правда за децата.

Работењето на ДС во текот на 2024 година беше на седници кои се одржуваа со физичко присуство во просториите на Министерството за правда.

## *2. ВОВЕД*

***ДС е самостоен и независен орган во вршење на работите кои му се определени со ЗПД.***

Надлежностите на ДС утврдени со ЗПД, членовите ги спроведуваат одговорно и посветено, следејќи ги вредностите и принципите вградени во визијата и мисијата на ова тело како главни постулати на кои се заснова неговото работење.

### *МИСИЈА:*

*Иницирање, подобрување и спроведување на законска регулатива за заштита на децата, мониторинг и евалуација на ЗПД преку следење на состојбата со детското престапништво и работата на специјализираните институции за деца. Поддршка во донесување на законски и подзаконски акти, развивање на ресурси и услови за спроведување на постапките предвидени со законот, а кои имаат заштитен и воспитен карактер и ги следат принципите на ресторативната правда.*

## *ВИЗИЈА:*

*Градење на демократско општество насочено кон остварување на правата и благосостојбата на сите деца, за заштита и соодветен третман на децата во ризик и децата жртви и сведоци на насилство и кривични дела. Секое дете има право на правилен раст и развој во безбедна и стимулативна средина и можност за адекватен третман за заштита и остварување на неговите потенцијали, желби и надежи, а особено за децата во ризик.*

На седниците на ДС свое учество имаа претставници од Канцеларијата на Народниот правобранител, УНИЦЕФ и ЗЕЛС.

Членовите во ДС се професионалци со долгогодишно искуство кои работат директно со деца или за и во интерес на унапредување на правата на децата, вработени се во државни и јавни установи и членови на здруженија на граѓани. Нивниот ангажман во ДС е задолжителен, тоа е нивна дополнителна активност, со динамика која зависи од Програмата за работа на ДС, условите за работа и ангажманите кои им се делегираат од страна на ДС.

Административно - техничките и финансиските работи согласно ЗПД ги обезбедуваше Министерството за правда.

## *3. СТАТУТ, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА*

### *3.1. Начин на избор на раководните лица, членови, мандат и статус*

Во март 2024 година се донесе новиот Закон за правда за децата („Службен весник на РСМ“ бр. 66/24).

При тоа, се редефинираше составот на ДС, така што наместо дотогашните седум члена преставници на надлежни институции, со новиот закон се зголеми на осум члена со вклучување на преставник и од Министерството за здравство.

Државниот совет е составен од 15 члена кои ги избира Собранието на Република Северна Македонија, со мандат од пет години, со право на повторен избор од кои:

- осум члена на Државниот совет се претставници од: Министерството за правда, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, Министерство за здравство, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија и Адвокатската комора на Република Северна Македонија и
- седум члена на Државниот совет се избираат по пат на јавен оглас, од редот на истакнати научни и стручни работници кои работат на

заштитата на интересите на децата, од кои еден претставник е од редот на невладините организации за заштита на децата.

Новиот член на ДС претставник од МЗ беше избран во месец септември 2024 година, со што дополнително беа зајакнати капацитетите на ДС.

Во 2024 година должностите претседател и заменик на претседател на ДС ги извршуваaa Милка Масникоса и Тања Кикерекова.

## *3.2. Законска рамка која ги регулира надлежностите на институцијата*

Надлежностите на Државниот совет се уредени во членот 179 од Законот за правда за децата:

- донесува Национална стратегија за превенција и правда за деца;

- донесува годишни програми и планови за остварување на програмата;

- донесува Деловник за својата работа;

-предлага средства во предлогот на буџетската пресметка на Министерството за правда потребни за неговата работа и донесува одлуки за нивно користење;

- дава иницијативи за подобрување на законските решенија и мислења за предлози на закони од значење за заштитата на правата на децата и спречувањето на детското престапништво;

- покренува иницијативи за пошироко запознавање на граѓаните со правата на децата и расправи за здраво семејство, за заштита на децата од алкохолизам и други болести на зависност, за проблемите на образованието и воспитувањето, за односот на средствата за јавно информирање и за другите фактори што влијаат врз спречувањето на детското престапништво;

-иницира и спроведува истражувања и анализи за проблемите на детското престапништво;

-на веб-страницата објавува превентивни програми и едукативни материјали и програми, пристапи и алатки изработени од државните институции или од граѓански организации кои се доставени и се проценети како соодветни за објавување од страна на Државниот совет;

-соработува со меѓународни организации и тела ангажирани во заштитата на правата на детето и спречувањето на детското престапништво;

- учествува на конференции во државата и во странство заради заштита на правата на детето и спречување на детското престапништво и

-подготвува годишни извештаи за својата работа и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво, кои ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија и до Владата на Република Северна Македонија, Судскиот совет, Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и до Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, кои се должни да ги разгледаат и, доколку оценат дека е потребно, да предложат соодветни мерки и активности, согласно со своите надлежности.

3.3. ***Внатрешна организација (организациона поставеност), кадровска состојба, структура на вработените според категории на административни службеници, степен на образование, пол, возраст и правична застапеност.[3]***

Државниот совет нема статус на правно лице.

## *4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ, ПЛАН ЗА РАБОТИ И СТРАТЕШКИ ПЛАН*

Согласно Програмата за работа на ДС во 2024 година реализирани се следните активности:

### 4.1. Изработка на Годишен извештај на Државниот совет за превенција на детско престапништво за 2023 година

- Изготвување на дописи за собирање и доставување на табели за обезбедување податоци до надлежни институции, согласно индикаторите за следење на примена на Законот за правда за децата.
- Собирање на обезбедените податоци, проверка на истите и нивна обработка.
- Ангажирање на стручно лице за квантитативна обработка на податоците.
- Изготвен и доставен предлог буџет на ДС до Министерство за правда,
- Доставување на Годишниот извештај за 2023 година на разгледување заради предлагање мерки до надлежни институции, согласно со Законот за правда за децата,

### 4.2. Ажурирање на акциски план и реализација на активности од Акцискиот план

Ажуриран е Акцискиот план за 2023-2024 година кој содржи активности и мерки кои надлежните институции вклучени во системот за правда за децата во рамките на своите програмски активности треба да ги реализираат во рамките на периодот за кој е донесена Националната Стратегија.

Нагласена е потребата од мултисекторски пристап во превенирањето на детското престапништво и вклучувањето на граѓанските организации во делот на областите.

[3] Не е задолжително за оние органи/институции/организации кои немаат ваква структура поради тоа што немаат статус на правно лице согласно законот како што е тоа случајот со Државниот совет за превенција на детско престапништво и правда за деца.

### 4.3. Поддршка на Воспитно-поправниот дом Тетово во Волковија

За разлика од претходните извештајни години кога Јавното обвинителство на Република Северна Македонија при примена на чл. 43 од Законот за кривичната постапка вршеше уплата на средства на сметката на Воспитно-поправниот дом Тетово во с.Волковија, од месец мај 2023 година и цела 2024 година овие средства Јавното обвинителство не ги уплаќа на сопствената приходна сметка на ВПД Тетово.

Државниот совет укажува на потребата Јавното обвинителство да продолжи со воспоставената практика како во претходните извештајни години, особено ако се има предвид дека овие средства од страна на ВПД Тетово во Волковија се користат за организирање и реализација на различни активности во рамките на установата во кои се вклучени штитениците со што се збогатуваат начините за остварување на нивната ресоцијализација и превоспитување.

### 4.4. Преземање активности и иницијативи за формирање на Општински совети за превенција на детско престапништво и поддршка на веќе формираните совети

ДС и во текот на 2024 година продолжи со реализација на оваа активност.

При тоа, ја разгледа состојбата со општинските совети за превенција на детско престапништво. Врз основа на добиените повратни информации од општините, од вкупно 80 (осумдесет) општини во Република Северна Македонија, повратни информации до ДСПДП доставија вкупно 41 општини (четириесет и една).

Констатирано е дека 3 (три) општини, Општина Брвеница, Општина Виница и Општина Демир Капија, воопшто немаат формирано ОСПДП.

Од останатите 37 (триесет и седум) формирани ОСПДП, на 9 (девет) совети (Општина Врапчиште, Општина Демир Хисар, Општина Карпош, Општина Крива Паланка, Општина Ранковце, Општина Свети Николе, Општина Струмица, Општина Центар и Општина Центар Жупа), мандатот на членовите е веќе истечен.

Од преостанатите формално актуелни ОСПДП, активности се забележани кај советите на следниве општини: Битола, Велес, Куманово, Охрид, Лозово, Пехчево, Прилеп, Пробиштип и Тетово.

Согласно Законот за правда за децата, Општинските совети за превенција на детско престапништво имаат законска обврска за својата работа најмалку еднаш годишно да го известуваат Советот на општината, односно Градот Скопје и Државниот совет за превенција на детско престапништво и правда за деца.

ДС иницираше и одржување тематски расправи и работилници со претставници од општините и општинските совети.

При тоа, беа одржани две седници со претставници на општинските совети за превенција и со претставници на ЗЕЛС, како и средба во седиштето на ЗЕЛС со цел подобра координација и планирање на идни чекори со цел ефектуирање на превенцијата.

Во текот на месец јуни 2024 година, ДСПДП преку ЗЕЛС до сите општини достави Предлог - Годишна Програма за работата на општинските совети за превенција на детско престапништво и Предлог-Извештај за работа на општинскиот совет на превенција на детско престапништво.

Првата средба со претставници на општинските совети за превенција, претставници на ЗЕЛС се одржа во месец јуни 2024 година, на која присуствуваа преставници на од ОСПД на Пробиштип, Берово, Пехчево и Македонска Каменица. На оваа средба се разменија информации, новитети и се презентираа предлог унифицирани документите (програми и извештаи) кои треба да ги изработуваат општинските совети, се направи размена на добрите пракси во работењето, како и согледување на предизвиците со кои се соочуваат советите и начинот на нивно надминување.

Од страна на членови на ДС беа презентирани Предлог – Програмата за работа на Општинските совети и Предлог - Извештајот за работата на Општинските совети за превенција на детско престапништво, а кои претходно беа изготвени и разгледани од страна на сите членови на ДС.

Презентациите беа комплетни и се однесуваа на сите точки и делови од Предлог документите што тие треба да содржат, како треба да се составуваат, на што треба да се обрне внимание, се со цел да им се помогне и дадат насоки на Општинските совети како да ги изготвуваат.

Беше укажано на неопходната потреба, Општинските совети да ги изготвуваат Програмата и Извештајот за својата работа. Се потенцираше потребата од мултисекторски пристап во формирањето со застапеност на сите сфери во општеството, а се со цел да се намалат ризиците за правилен раст и развој на децата во ризик.

ОС беа запознати со законските одредби од Законот за правда за децата што се однесуваат на формирањето на ОСПД за превенција на детско престапништво:

- што е клучно за ОСПД и како се формираат според законските норми;
- мултисекторски состав на ОС од сите институции што се во допир со децата;
- вклучување на децата во ОСПД и
- изготвување Деловник за работата на ОСПД и годишна програма за работа.

Битно значење им се даде и на Индикаторите за собирање податоци кои се показатели на состојбите на децата во ризик, децата во судир со Законот како и на децата жртви и преку истите може да се согледаат битните потреби, проблеми и ризици со цел да може да им се помогне на децата. Во тој контекст се укажа на потребата од следење на состојбите во основните и средните училишта и детските здруженија, а како би се утврдиле причините за врсничкото насилство и други проблеми. Затоа особено важно е ОС да остваруваат средби со претставници од основните и средните училишта.

Втората средба со цел размена на искуства и согледувања, во декември 2024 година се одржа во просториите на ЗЕЛС. Оваа средба произлезе како резултат од позитивното искуство од успешно организираната прва работилница на претставници од Општинските совети за превенција на детско престапништво од општини од Источниот регион со членови на ДС.

На средбата со претставници од скопските општини беа презентирани изработените Предлог - Годишна Програма за работата на општинските совети за превенција на детско престапништво и Предлог - Извештај за работа на општинскиот совет на превенција на детско престапништво.

Средбите покажаа дека постои потребата од преземање активности со цел унифицирани формулари за изработка на годишни програми и извештаи за работата на општинските совети со цел презентирање на преземените активности за спроведување на годишните програми на општинските совети кои се планира да бидат формирани, но едновремено и во однос на веќе формираните општински совети со цел тие треба да бидат функционални.

На средбите со општинските совети беа истакнати добрите примери на посветени општини и функционални општински совети за превенција во Битола, Велес, Пробиштип, Радовиш, Кавадарци и Тетово.

Беше укажано дека е потребна заедничка посветеност на координаторот од општината и на претставниците од Центрите за социјални работи како членови во ова тело.

Притоа, се нагласи потребата од потребата за интегрирање на повеќето општински тела во едно локално тело/совет за превенција во општината кое ќе обединува повеќе теми од областа на превенцијата (детско престапништво, млади, насилство и др). Овој предлог би довел до интегрирање на надлежностите и правилно искористување на оскудните човечки ресурси во општините кои покриваат повеќе надлежности и од кои се очекува да ја координираат работата на телата кои им се наложуваат да се формираат согласно многубројните закони.

Од средбите произлезе заклучокот дека општините се свесни за важноста од оваа тема и спроведувањето на активности за превенција, но мора да се земат предвид и недоволното финансиски средства и човечките ресурси во општините за функционалност на овие тела.

Од страна на ДС и во 2024 година беа испратени дописи до ЗЕЛС, а преку нив до сите градоначалници со цел:

-постапување за формирање Општински совети за превенција на детско престапништво,

-да достават информации дали ОСПДП се основани и активни во своето работење,

- да достават извештај за активностите за 2024 година и програма за работа за 2024 година на ОСПДП.

Во однос на законската одредба ОСПДП да достават извештаи до ДС за своите активности за 2024 година, оваа обвврска ја извршиле само 3 општини: Тетово, Охрид и Пробиштип, што е индикатор дека ОСПДП и единиците на лолалната самоуправа кои се надлежни да ги формираат ОСПДП, многу малку или воопшто не реализираат активности во насока на превенција на детско престаништво.

## 4.5. Реализирање активности согласно Стратегијата за превенција на детско престапништво (2022-2027)

Во оваа извештајна година се реализираа активности согласно Стратегијата за превенција на детско престапништво за следен петгодишен период (2022-2027) и Акцискиот план (2023-2024 година).

Донесена е Годишната програма за работа на ДСПДП за 2024 година со ажуриран Акциски план. Согласно Програмата за работа на Државниот совет за 2024 година и Стратегија за превенција на детско престапништво, се направи акциски план со активности и динамика со која се обработуваат одделни области од страна на членовите на ДС кои ќе треба да бидат составен дел од оваа стратегија. Во новата Стратегија за детско престапништво за периодот 2022-2027 година се трите стратешки цели: примарна, секундарна и терцијална превенција на детско престапништво.

Акцискиот план содржи активности и мерки кои надлежните институции вклучени во системот за правда за децата во рамките на своите програмски активности треба да ги реализираат во рамките на периодот за кој е донесена Националната Стратегија.

Нагласена е потребата од мултисекторски пристап во превенирањето на детското престапништво и вклучувањето на граѓанските организации во делот на областите, како и осврт врз јавното обвинителство и судот во делот на секундарната и терцијална превенција.

УНИЦЕФ го поддржува целиот процес.

Во 2024 година ДС иницираше изработка на Извештај за реализација на Акцискиот план (2023-2024 година)

## 4.6. Креирање на Листа на програми и услуги за секундарна превенција

Во 2024 година ДС, согласно Стратегијата за превенција на детско престапништво, подготви Листа на програми/услуги за секундарна превенција спроведени во 2022 и 2023 година и ја објави на својата интернет страница

https://dspdp.com.mk/vesti/lista-na-programi-uslugi-za-sekundarna-prevenci-a-sprovedeni-vo-2022-i-2023-godina/

Листата на програми/услуги за секундарна превенција спроведени во 2022 и 2023 година е подготвена врз основа на добиени податоци за:

I.Програми специјално наменети за потребите на деца кои се идентификувани од системот за социјална заштита на деца што се изложени на (висок) ризик од инволвирање во престапништво, реализирани од **Јавната установа Завод за социјални дејности – Скопје**.

II. Програмите специјално наменети за потребите на деца кои се идентификувани од образовниот систем како деца што се изложени на (висок) ризик од инволвирање во престапништво, реализирани од **Бирото за развој на образованието.**

III. Програмите специјално наменети за потребите на деца кои се идентификувани од системот за правда (за деца) како деца што се изложени на (висок) ризик од инволвирање во престапништво, реализирани од **Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ Скопје.**

IV. Програмите специјално наменети за потребите на деца кои се идентификувани од здравствениот систем како деца што се изложени на (висок) ризик од инволвирање во престапништво, реализирани од **Институтот за јавно здравје**.

V. Програмите специјално наменети за потребите на деца кои се идентификувани од како деца што се изложени на (висок) ризик од инволвирање во престапништво, реализирани од **УНИЦЕФ.**

Врз основа на добиени одговори од Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје и Бирото за развој на образованието за видови програми/услуги за секундарна превенција насочени кон ранливи категории на деца изложени на ризик да дојдат во судир со законот и кон нивните родители/старатели и семејства констатирано е дека:

- ✓ Од од Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје, во изминатите четири години (2020 – 2023 година), бројот на судии и јавни обвинители кои посетиле обуките организирани во континуираната обука е следен:
  - правда за деца – 51 судии и 40 јавни обвинители;
  - родово базирано насилство – 101 судии и 105 јавни обвинители;
  - недискиминација – 85 судии и 30 јавни обвинители;
  - кривични дела од омраза – 117 судии и 83 јавни обвинители.
- ✓ Од Бирото за развој на образованието, за периодот 2022/2023 година обучени се вкупно 2052 наставници и 721 стручни соработници (од основните училишта).

Со изготвувањето на Листата на програми/услуги за секундарна превенција спроведени во 2022 и 2023 година, е исполнета и една од обврските на Државниот совет за превенција на детско престапништво и правда за деца, предвидена во Националната стратегија.

### 4.7. Тематски расправи/дискусии

- Разгледување на Извештајот за Република Северна Македонија за 2023 година од Европската Комисија (во делот правата на детето);
- Презентирање на алатката „Детска гаранција" за следење на правата на децата воведена во земјите на ЕУ, а промовирана во нашата држава од страна на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје преку поддршка на истражувања за начинот на кој се буџетираат детските услуги и права, како и процена за нејзина имплементација. Наодите упатуваат на тоа дека во државата не се препознава наменско буџетирање на детските услуги и детските права, а во однос на прашањето кој би бил корисник на оваа гаранција, издвоени се шест групи на деца кои би требало да бидат опфатени, како што се: децата со попреченост; децата лишени од домување; деца припадници на малцинства; деца кои потекнуваат од несигурни семејства; деца кои престојуваат во институција и деца мигранти/бегалци;
- Тематска расправа и дискусија за формирањето на Општинските совети за превенција на детско престапништо со заклучок дека една од пречките за нивно формирање е законската обврска од обезбедување на кворум за нивна работа. За надминување на оваа пречка се истакна

потребата од измени на член од Законот за правда за децата во кој се набројува кои лица треба да бидат членови на општинскиот совет со конкретен предлог да се има по еден претставник од општинските и средните училишта, наместо претставник на секое од нив. На овој начин би се намалил потребниот број на членови за формирање на општински совет за превенција на детско престапништво, што би било олеснителна околност за општините, особено за помалите кои се соочуваат со обврската за формирање на бројни општински совети;

- Тематска расправа со дискусија за злоупотреба на децата во изборни кампањи со предлог за иницирање на изработка на прирачник за оваа тематика во соработка со Државната изборна комисија;
- Тематска расправа со дискусија за актуелни настани и случаи во училиштата поврзани со деца и со присутни елементи на детско престапништво, важноста од јавно објавување на ставот на Државниот совет спрема истото и значењето од искажување на поддршка на кампањата „Стоп за врсничко насилство“ преку склучување на меморандум за соработка со АД „Макпетрол“. На овој начин би се поттикнале и други компании во државата за спроведување на општествено одговори активности поврзани со превенција на детското престапништво;
- Презентација на активности на УНИЦЕФ за 2024 година,
- Преглед на наодите содржани во Анализата на состојбите на децата и адолесцентите во Северна Македонија;
- Презентација и дискусија за усвоените Заклучоци од работната средба на Врховниот суд на РСМ и четирите апелациони судови во врска со примената на одредби од Законот за правда за децата и во насока на воедначување на судската практика, како исклучиво важно прашање од остварувањето на надлежноста на судовите и улогата на највисокиот суд во државата;
- Информација за остварена средба на членови на Државниот совет во Врховниот суд на РСМ со преставници на Работното тело за стандардизација на постапките во судовите, на која се дискутираше за потребата од унапредување на АКМИС системот во контекст на примената на новите индикатори за судовите;
- Континуирани и приоритетни активности во врска со потребата од формирање нови и поголема функционалност на општинските совети за детско престапништво – со претставници на дел од општинските совети и со претставници на ЗЕЛС;
- По однос на добиеното барање од Министерството за правда за мислење по Предлогот за ратификација на Факултативен протокол на Конвенцијата за правата на детето за постапка по претставки (Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on a communications procedure), беше презентиран Предлогот за ратификација на Факултативниот Протокол на Конвенцијата за правата на детето за постапка по претставки. Протоколот стапил во сила на 14 април 2014 година откако бил ратификуван од страна на 10 држави, а согласно United Nations Treaty Collection (UNTC), во 2024 година односно после

десет години од стапувањето во сила на Факултативен протокол, истиот бил ратификуван од страна на 52 држави, а потпишан од 53 држави. Република Северна Македонија го потпишала Факултативен протокол на 23 Мај 2012 година.Самото стапување во сила на Факултативен протокол во 2014 година беше револуционерно бидејќи воспостави механизам со кој им овозможува на децата да поднесат индивидуална претставка за повреда на правата од Конвенцијата за правата на детето или факултативните протоколи на кои Државата е страна до Комитетот на Обединети нации за правата на детето, доколку повредите не можат ефикасно да се решат на национално ниво;

- Презентација за основање на првиот Национален центар за побезбеден интернет MKSafeNet, што е европски стандард за прашања за безбедноста на децата и младите во дигиталниот простор, кој ќе работи за да се подигне свесноста од заканите од интернет. Ова е во согласност со EU Digital Service Act и Стратегијата Better Internet for Kids (BIK);
- Согласно новиот Закон за правда за децата, Државниот совет заради усогласување со одредбите од овој закон донесе нов Деловник за работа;
- Тематска расправа со дискусија во однос на десетте години од влегувањето во сила на Факултативниот протокол на Конвенцијата за правата на детето за индивидуална апликација. Факултативниот протокол е донесен 25 години по донесување на Конвенцијата и е правен инструмент со кој се востановува право на детето на индивидуална апликација за повреда на правата и промовира пристап до правда за децата. После 13 години од донесувањето на Факултативниот протокол од ГС на Обединетите нации и 10 години од неговото влегување во сила, од вкупно 196 држави кои ја ратификувале Конвенцијата за правата на детето, само 52 (26%) земји го ратификувале овој факултативен протокол. Тоа укажува дека државите сè уште не се подготвени да им дадат на децата конкретни и ефективни механизми односно правни лекови во случаите на повреда на нивните права и не ги сметаат децата за носители на права.
- Тематска расправа со презентација за новиот Закон за правда за децата, на која беа преставени основната цел и новините во новиот Закон за правда за децата, со посебен осврт на знајните законски новини. Во таа насока, образложени се новините во Законот, од кои можат да се издвојат: внесувањето на процедурални одредби во однос на текот на судската постапка спрема дете и главниот претрес и зајакнување на заштитата на децата жртви и сведоци во кривичната постапка преку имплементирање на: Директива EU 2016/800 на Европскиот парламент за процедурални заштитни мерки за децата осомничени или обвинети во кривичната постапка и Директива 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал и за замена на

Рамковната одлука на Советот 2001/220/ЈНА; воедначувањето на системот на правна помош спрема дете во сите одредби на законот и зајакнување на механизмите за превенција на детското престапништво и институционално, материјално и функционално зајакнување на Државниот совет за превенција на детско престапништво и правда за децата.

### 4.8. Учество на обуки, работилници, семинари, конференции, дебати, тркалезни маси во и надвор од државата

Претставник/ци на ДС земаа активно учество на:

- работилница за симулација на гонење и судење на деца-жртви на трговија со деца во организација на УНОЦД и
- работилница за соодветноста, ефикасноста и ефективноста на буџетот во системот на правда за деца

### 4.9. Постапување по доставени извештаи од надлежни институции

Беше разгледан и се дискутираше по годишниот извештај на Народниот правобранител за 2023 година.

### 4.10. Следење на меѓународни документи од областа на превенција на детско престапништво и зајакнување на капацитетите на ДС

Во текот на извештајната година ДС ги разгледа и дискутираше за следниве документи:

- Извештај на ЕУ за Република Северна Македонија за 2023 во делот за правата за децата и
- Извештај на Европската комисија за 2023 година во однос на Република Северна Македонија.

### 4.11. Поведување законодавни иницијативи

Согласно законските овластувања ДС може да поведува иницијативи за соработка со институции, предлози за дополнувања или измени во постоечката законска регулатива со цел усогласување, предлози за подобрување на услови и третман на децата во ризик, деца жртви и деца во судир со законот и други видови на злоупотреба и занемарување, реакции по однос на констатирани кршења на правата на децата; иницијативи за воспоставување соработка со институции и тела кои работат со деца, посета на институциите во кои се сместени деца, констатирање на кршење на правата на децата и реакции во врска со констатираните прекршувања; како и давање предлози и иницијативи до релевантните органи - тела во Република Северна Македонија за подобрување и надминување на

констатираните состојби при посетите на институциите од страна на членови на ДС.

Во рамките на оваа активност, во тековната година ДС ги презеде следниве активности:

- Претседателот на ДС стапи во комуникација со одговорните во Министерството за локална самоуправа со цел да се дискутира за систематизирано решение за формирање на Совет за превенција на детско престапништво или општо за превенција, што ќе се уреди со Законот за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа;

- Државниот совет упати допис до министерот за правда со цел да се укаже на потребата од преиспитување на одредбите од член 201 и член 418-г од КЗ коишто во дел се преклопуваат, а тоа оди на штета на заштитата на децата жртви на трговија со деца;

- На иницијатива на членови на ДС се отпочна процедура за техничка корекција на Законот за правда за децата којшто во „Службен весник на РСМ" беше објавен по извршена лектура во Собранието на РСМ, со којашто наместо јазично подобрување се менува смислата на лекторираните одредби и во голема мера се отежнува нивното имплементирање;

- Учество во потготвување на Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со кој се уреди дека Основното училиште за возрасни „Антон Семјонович Макаренко" Скопје продолжува со работа како Државно основно училиште за возрасни и деца во воспитно-поправни установи „Антон Семјонович Макаренко" Скопје.

### 4.13.Публикација и печатење на материјали

Во тековната година беше изготвен Годишниот извештај за работата на ДС со индикаторите за 2023 година.

Годишниот извештај, во духот на повеќегодишната практика, е објавен на интернет страницата на ДС.

## *5. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО*

### *5.1.* Изработка на стратешки планови

Врз основа на Националната стратегија за превенција и правда за децата се спроведуваше Акцискиот план за нејзино спроведување во периодот 2023-2024 година.

### 5.2. Унапредување на оперативни стандарди (процедури, и правилници, деловник)

Согласно новиот Закон за правда за децата, Државниот совет заради усогласување со одредбите од овој закон донесе нов Деловник за работа на Државниот совет за превенција на детско престапништво и правда за деца.

### 5.3. Инсталирање и/или надградба на ИТ капацитетите

Во тековната година не се спроведени активности во однос на оваа точка.

### 5.4. Препораки од Државниот ревизор и мерки за нивна реализација

Во извештајната година ДЗР не изврши ревизија.

### 5.5. Мерки и активности за зголемување на транспарентноста

Државниот совет обезбедува транспаретност во своето работење преку редовно ажурирање на веб страницата на ДС со што се придонесе за поголема транспарентност во работата на ДС како начин за поголема достапност на податоците и информациите до пошироката јавност.

Воедно, поаѓајќи од заложбите за транспаретност, Државниот совет редовно соработуваше со медиуми за теми поврзани со правата на децата и детското престапништво.

Државниот совет продолжува активно да учествува секаде каде што може да придонесе за заштита на правата на децата, континуирано дава иницијативи за подобрување на законските решенија и мислења за предлози на закони кои се насочени кон заштита на децата и покренува иницијативи за пошироко запознавање на јавноста со проблемот на детското престапништво.

## *6. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА*

ДС во рамки на своите надлежности кои произлегуваат од Законот за правда за децата, како во претходните така и во 2024 година, работеше на проширување и интензивирање на соработката со државните институции и граѓанскиот сектор, што е видливо од наведените активности во точка 4. од овој извештај.

Основната цел на ваквата соработка со институциите и граѓанскиот сектор е зголемување на комуникацијата и зајакнување на веќе воспоставената соработка, размена на информации и искуства како еден важен фактор во превенцијата на детското престапништво и секако унапредување на работата на институциите, органите и телата вклучени во системот за правда за децата.

Се констатира и нагласува потребата од продолжување на практиката од поблиска соработка и информирање на медиумите.

## 6.1. Соработка со надлежни и други државни институции и органи

Согласно Законот за правда за децата, ДС продолжи со веќе воспоставената континуирана соработка со сите надлежни државни институции вклучени во системот за правда за децата (МСПДМ, МВР, МОН, МП, Судови, ЈО), како и со други органи и тела и граѓански здруженија, Народен правобранител, АКРСМ, врз основа на што ја креира и својата Годишна програма за работа, Акцискиот план на активности и го изготвува Годишниот извештај.

Во рамки на проектот за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и Шведската организација за развој на полицијата, ДС беше запознаен со содржината и активностите на истиот со посебен акцент на компонентата за исполнување на меѓународните најдобри практики и стандарди за човекови права во делот на правда за децата.

Исто така, во рамки на оваа соработка се разменија искуства за „Барнахус моделот" и неговите специфики како еден од пристапите кој обезбедува постапување во најдобар интерес на детето.

## 6.2. Соработка со други институции во развојот и подобрување на политики, стратегии и други процеси

ДС има активна соработка со ВПД, ги следи активностите што се одвиваат во него со цел поддршка и помош во остварување на правата што децата мора да ги имаат во ВПД.

ДС има успешна соработка и со УИС при МП, за прашања поврзани со децата во Затворот Охрид и во ВПД Тетово.

Државниот совет позитивно одговори на барањето од Македонското здружение на млади правници за воспоставување на соработка со Државниот совет за превенција на детско престапништво и правда за деца, за проект со кој аплицира на повик на Европски демократски институт за човекови права (EDIHR) со идеја за активности што се однесуваат на правда за деца. Ќе се разгледа можноста од потпишување на Меморандум за соработка со Македонското здружение на млади правници.

## 7. БУЏЕТ, ЗАВРШНА СМЕТКА И ФИНАНСИРАЊЕ

Пример за извадок од завршната сметка

| | Буџет 2024 | Реализирани исплати 01.01.2024-31.12.2024 |
|---|---|---|
| 401 – Основни плати | | |
| 402 - придонеси за социјално осигурување | | |
| 420 – патни и дневни расходи | **300.000,00** | **27.554,00** |
| 421 – Комунални услуги, греење | | |
| - Комуникација | | |
| - Транспорт | | |
| 423 – Материјали и ситен инвентар | | |
| 424 – Поправки и тековно одржување | | |
| 425 – Договорни услуги | | |
| 426 – Други тековни расходи | | |
| 464 – Разни трансфери | | |
| 480 – Купување на опрема и машини | | |
| **Вкупно** | **3.000.000,00** | **1.885.280,00** |

По однос на постапување согласно Законот за правда за децата, Министерство за правда при подготовка на буџетското барање за 2024 година, средствата потребни за функционирање на Државниот совет за превенција на детско престапништво на Република Северна Македонија, предвиде во рамките на програма 10 – Администрација, сметка 637, ставка 425 - Договорни услуги, а не како самостојна програма.

Согласно наведеното, со буџетот за 2024 година на категорија 42, ставка 420 – Патни и дневни расходи, се предвидоа средства за членовите на Државниот совет за превенција на детско претстапништво поврзани за надоместокот на патни и други трошоци за лицата кои се од внатрешноста на Република Северна Македонија. Во тековната година од предвидените средства се исплатени средства од оваа ставка за патни расходи во висина од 27.554,00 денари, за членовите на Државниот совет кои се со место на живеење надвор од Скопје.

Исто така, согласно член 180 од Законот за правда за децата, со Буџетот на Министерството за правда за 2024 година се предвидоа и средства за исплата на месечниот надоместок за работа на членовите на Државниот совет за превенција на малолетничко претстапништво во износ од 3.000.000,00 денари. Од нив во тековната 2024 година се исплатени 1.885.280,00 денари.

## 7. ЗАКЛУЧОЦИ

1. Државниот совет и во 2024 година продолжи да ги исполнува своите законски надлежности и во таа насока презеде бројни активности за да ги оствари планираните цели во делот на превенција на детско престапништво и унапредување на правата на децата;

2. ДС констатира дека за спроведување на новиот Закон за правда за децата, во креирањето на петгодишниот Буџетот на МП за 2025, 2026, 2027, 2028 и 2029 година ќе треба да бидат обезбедени зголемени средства за остварување на целите на Законот, како и за работата на Државениот совет за превенција на детско престапништво и правда за децата;

3. Државниот совет констатира дека:

   - институциите на системот на правда за децата (судови, ЈО, центрите за социјална работа и полицијата) неопходно е соодветно да ги собираат и обработуваат податоците во врска со деца во ризик, деца во судир со закон и деца жртви, што ќе резултира со пореален приказ за состојбата во однос на правата на децата и детското престапништво,

   - поголем број од општините во РСМ и понатаму не ја исполниле законската обврска за формирање на општински совети за превенција на детско престапништво,

   - значителен дел од формираните општински совети за превенција на детско престапништво не се функционални. Имено, истите се формално правно формирани, но не одржуваат состаноци, немаат програми за работа со планирани активности кои би биле во функција на локално обединување на ресурсите за превенција на детско престапништво и

   - продолжува соработката и поддршката на веќе формираните општински совети за превенција на детско престапништво.

4. ДС согласно своите надлежности се залага за натамошно унапредување на правната рамка за правда за децата во согласност со меѓународните стандарди во оваа област;

5. ДС констатира дека за да се унапреди пристапот до правда за децата, потребно е државата да го ратификува Факултативен протокол на Конвенцијата за правата на детето за постапка по претставки (Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child on a communications procedure) и да се работи на негово ефективно спроведување на национално ниво;

6. ДС и во 2024 година презеде активности за обезбедување податоци и информации преку одржани тематски расправи за актуелни состојби од повеќе области кои го третираат проблемот со превенција од детско престапништво;

7. Врз основа на податоците добиени според индикаторите, Државниот совет ги наведе заклучоците во Резимето од овој Извештај и особено забележува дека е позитивно што продолжува трендот на мал број изречени мерки и санкции кои значат лишување од слобода на дете. Констатирана е недоволна примена на алтернативни мерки и облиците на ресторативна правда, како и неопределување на соодветни мерки на безбедност;

8. ДС ги поддржува превентивните активности преземени од страна на надлежните министерства, институции, општинските совети за превенција на детско престапништво и невладиниот сектор, во делот на заштита на децата и семејствата и нивно усогласување со мерките и насоките кои се препорачани во Националната стратегија за превенција на малолетничко престапништво 2022-2027.

## 9. ***ПРЕПОРАКИ***

1. ДС предлага да се пристапи кон измена на Законот за локалната самоуправа, со цел правно регулирање на надлежноста и основи за одговорност на Градоначалникот и Советот на општината за формирање и овозможување ефективно функционирање на општинскиот совет за превенција на детско престапништво.

2. Да се продолжи со поддршка на ДС заради остварување на законските, стратешките и програмските определби.

3. Градоначалниците и Советите на општините/градот Скопје во РСМ согласно Законот за правда за децата да ја исполнат законската обврска за:
    - формирање на општински совети за превенција на детско престапништво,
    - изработка на Годишна програма за работа;
    - доставување Извештај за својата работа до Државниот совет и
    - обезбедување потребни услови за формирање и непречено функционирање на општинските совети за превенција на детско престапништво
    - поддршка на локалната самоуправа за непречено функционирање и остварување на планираните ативности на новоформираните локални совети.

4. Сите надлежни институции вклучени во системот на правда за децата, да ги спроведуваат мерките и насоките предвидени во Акцискиот план(2025-2027) за спроведување на Националната стратегија за превенција и правда на децата(2022-2027).

5. Воспоставување, зајакнување и унапредување на системот за ефикасно прибирање и обработка на податоците согласно индикаторите на ДС, во сите институции вклучени во системот на правда за децата.

6. Обуки на сите инволвирани субјекти во системот на правда за децата за начинот на евидентирање на децата жртви.

7. Зајакнување на капацитетите со обуки на сите професионалци во системот за правда за децата согласно Меѓусекторскиот Протокол за постапување со деца жртви, усвоен од МСПДМ.

8. Неопходно е судовите и јавните обвинителства да ги применуваат законските решенија што ги пропишува Законот за правда за децата од 2024 година во делот на ресторативната правда, алтернативните мерки и мерките на одвраќање, како можност за вонсудско решавање на постапките за деца.

9. Јавното обвинителство на Република Северна Македонија да продолжи со претходно воспоставената практика за помош на ВПД Тетово во Волковија од средствата по основ на член 43 од Законот за кривичната постапка.

10. Судовите да изрекувааат мерки на безбедност во случаи кога ќе се констатира постоење на определена болест на зависност, кога е тоа во најдобар интерес на детето.

11. Со цел унапредување и почитување на правото на детето за водење разговор во посебно опремени простории соодветни за неговата возраст, во полициските станици кадешто постојат такви простории, истите да се користат и МВР да ја исполни законската обврска за опремување на простории и во други полициски станици.

12. Зголемување на функционалност на системот за поголем процент на остварување на правото на бранител на детето во полициска станица и правото на адвокат и бесплатна правна помош во центарот за социјална работа.

13. Обезбедување на континуирана обука на адвокатите за работа со децата согласно Законот за правда за децата и доставување на листа на обучени адвокати за работа со децата до центрите за социјална работа, полициските станици, јавните обвинителства и судовите од страна на Адвокатската комора на РСМ.

14. Унапредување на законската рамка со цел обезбедување на образовен процес и соодветна здравствена заштита во ВПД Тетово и Затворот за деца во Охрид.

15. Зајакнување на ЦСР во однос на надлежности, материјално-финансиски и кадровски предуслови за давање соодветен постпенален третман на деца по излегување од установа.

16. Да се обезбедат институционални услови за извршување на дисциплинската мерка - Упатување во Центар за деца согласно одредбите од Законот за правда за децата.

17. Воспоставување на стандарди што треба да ги исполни специјализираното згрижувачкото семејство за згрижување дете на кое судот му изрекол воспитна мерка – засилен надзор од специјализирано згрижувачко семејство.

18. Поддржување на истражувања што ќе имаат за цел продлабочена анализа на ризик факторите што придонесуваат за зголемен број деца во ризик и деца жртви.

# 🗁✍Прилози:

## *ПРИЛОГ 1:*
## *Обработени податоци од собраните индикатори*

Во прилог на Извештајот на ДС за 2024 година, прикажани се Индикаторите за следење на имплементација на Законот за правда за децата и на состојбата со детското престапништво во Република Северна Македонија.

ДС од 2014 година користи листа од 32 индикатори, а податоците ги собира од 87 институции во системот на правда за децата и тоа од: 8 Сектори за внатрешни работи, 30 Центри за социјална работа, 26 Основни судови, 22 Основни јавни обвинителства во Република Северна Македонија и Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција (Види на крај на овој извештај - Листа на Индикатори).

Овие 32 индикатори по кои се собирани податоците, во годишниот извештај се прикажани преку 24 индикатори поради тоа што за осум индикатори се собираат податоци од сите сектори кои се компарираат и сублимирани во заеднички коментар.

Добиените податоци преку индикаторите, статистички се обработени од страна на ангажиран професионалец - статистичар, направена е квантитативна и квалитативна анализа и истите се прикажани во 31 табела и 15 графикони. Направена е компарација како по години, така и по институции. Добиените податоци се споредени на 100.000 популација на деца во Република Северна Македонија, која е универзална меѓународна единица за можна споредба со други земји.

Врз основа на анализата изведени се заклучоци во однос на:

- Состојбата со детското престапништво во Република Северна Македонија во 2024 година, односно состојбата со децата во ризик и децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци;
- Состојбата со децата жртви на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и децата сведоци како и постапување, грижа и заштита од страна на институциите;
- Прикажување на трендови и тенденции на пораст или на намалување споредбено со 2022 и 2023 година;
- Ефикасноста и ефективноста на институциите во спроведување на Законот за правда за децата, примена на мерките за помош и заштита, на воспитните и алтернативните мерки и примена на санкции;
- Подготвеноста на институциите за собирање на релевантни податоци и користењето на нивните електронски програми за бележење и собирање на податоци за деца.

## *Индикатор 1: Деца во ризик*

### 1.1. *Упатени во Центар за социјална работа*

Со овој индикатор се мери бројот на деца во ризик кои биле упатени во центрите за социјална работа од страна на други институции или поединци во 2024 година, на популација од 100.000 деца. Извор на овој податок се 30 центри за социјална работа во Република Северна Македонија.

Табела 1: Деца упатени во центрите за социјална работа, по пол

| | ***Број*** | ***%*** |
|---|---|---|
| ***Машки*** | ***2946*** | ***77%*** |
| ***Женски*** | ***862*** | ***23%*** |
| ***Вкупно*** | ***3808*** | ***100%*** |

На 100.000 популација упатени се 1042 деца.

Споредено со претходните години, во 2024 бројот е зголемен за 3% во однос на 2023 и за 14% во однос на 2022 година.

Графикон 1: Број на деца во ризик упатени во ЦСР, по години

Споредено по пол, кај машките деца бројката во 2024 не се разликува од 2023, и е за 5% повисока од 2022. Кај женските деца, бројот во 2024 е зголемен за 14% од 2023 и за 44% од 2022 година.

Графикон 2: Број на деца во ризик упатени во ЦСР, по години и пол



Вкупно 3808 деца во ризик биле упатени во ЦСР, од кои доминантно машки деца: 2945.

Табела 2: Деца упатени во центрите за социјална работа, по ЦСР и пол

| | Машки | Женски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Берово | 3 | 0 | 3 |
| Демир Хисар | 3 | 4 | 7 |
| Валандово | 7 | 1 | 8 |
| Кичево | 8 | 4 | 12 |
| Крушево | 12 | 1 | 13 |
| Ресен | 15 | 0 | 15 |
| Дебар | 16 | 1 | 17 |
| Македонски Брод | 18 | 1 | 19 |
| Радовиш | 16 | 3 | 19 |
| Кратово | 15 | 8 | 23 |
| Пробиштип | 19 | 4 | 23 |
| Гевгелија | 21 | 7 | 28 |
| Крива Паланка | 29 | 7 | 36 |
| Штип | 31 | 7 | 38 |
| Делчево | 33 | 7 | 40 |
| Виница | 36 | 8 | 44 |
| Струмица | 37 | 8 | 45 |
| Кавадарци | 67 | 10 | 77 |
| Гостивар | 72 | 7 | 79 |
| Струга | 76 | 11 | 87 |
| Свети Николе | 77 | 14 | 91 |
| Охрид | 98 | 12 | 110 |
| Неготино | 112 | 25 | 137 |
| Куманово | 114 | 29 | 143 |
| Прилеп | 106 | 45 | 151 |
| Кочани | 149 | 19 | 168 |
| Тетово | 144 | 43 | 187 |
| Велес | 280 | 47 | 327 |
| Битола | 415 | 90 | 505 |
| Скопје | 917 | 439 | 1356 |
| Вкупно | 2946 | 862 | 3808 |

Најголем број деца се упатени во ЦСР Скопје (1356). Во ЦСР Скопје се упатени најголем број деца од женски пол (439) и од машки пол (917).

Графикон 3: Број на деца во ризик упатени во ЦСР, по години и ЦСР



Табела 3: Известувања за деца во ризик испратени до ЦСР, по институција

| | |
|---|---|
| ***Дете*** | ***0*** |
| ***Оштетен*** | ***6*** |
| ***НВО*** | ***7*** |
| ***Родител/старател*** | ***45*** |
| ***Здравство*** | ***61*** |
| ***Училиште*** | ***265*** |
| ***ЈО*** | ***387*** |
| ***Други*** | ***1428*** |
| ***МВР*** | ***1711*** |
| ***Вкупно*** | ***3910*** |

За 3808 деца испратени се 3910 известувања. Тоа е зголемување од 3% во однос на 2023 кога биле испратени 3786 известувања и од 16% во однос на 2022 година, кога биле испратени 3284 известувања.

### 1.2. *Известувања од МВР до ЦСР*

Вкупен број на известувања од МВР изнесува 904, односно 244 на популација од 100.000.

Табела 4: Број на известувања од МВР до ЦСР, по пол

| | ***Број*** | ***%*** |
|---|---|---|
| ***Машки*** | ***700*** | ***77%*** |
| ***Женски*** | ***204*** | ***23%*** |
| ***Вкупно*** | ***904*** | ***100%*** |

Оваа бројка е за 16% повисока од од 2023, кога бројот на известувања беше 781 или 214 на 100.000.
Во однос на полот, 77% се од машки, 23% од женски пол.

Табела 5: Број на известувања од МВР до ЦСР, по СВР и пол

| | ***Машки*** | ***Женски*** | ***Вкупно*** |
|---|---|---|---|
| ***Тетово*** | ***10*** | ***0*** | ***10*** |
| ***Велес*** | ***14*** | ***6*** | ***20*** |
| ***Куманово*** | ***31*** | ***24*** | ***55*** |
| ***Струмица*** | ***43*** | ***21*** | ***64*** |
| ***Охрид*** | ***82*** | ***14*** | ***96*** |
| ***Битола*** | ***78*** | ***24*** | ***102*** |
| ***Штип*** | ***98*** | ***31*** | ***129*** |
| ***Скопје*** | ***344*** | ***84*** | ***428*** |
| ***Вкупно*** | ***700*** | ***204*** | ***904*** |

Најголем број на известувања се испратени од СВР Скопје, 428 известувања. Најмал број е испратен од СВР Тетово, 10 известувања, додека од останатите СВР се испратени помеѓу 20 и 129 известувања.

Разликата во податоците доставени од МВР и ЦСР во 2024 година е поголема од разликата во 2023. Во 2023 разликата изнесуваше 335, во 2024 изнесува 807 известувања.




Графикон 4: Вкупен број на деца за кои е доставено писмено известување од СВР до ЦСР, по години и по СВР

## *Индикатор 2: Деца жртви на кривични дела*

Со овој индикатор се мери бројот на деца кои биле жртви на кривични дела евидентирани во институциите во системот на правда за децата за 2024 година на популација од 100.000 деца.

### 2.1. Евидентирани деца жртви на кривични дела во Центар за социјална работа

Во 11 центри нема евидентирано деца жртви (Виница, Гевгелија, Демир Хисар, Кавадарци, Крива Паланка, Крушево, Охрид, Радовиш, Ресен, Струмица и Штип).

***Табела 6: Број на деца жртви идентификувани во ЦСР, по пол***

| | *Машки* | *Женски* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|
| *Берово* | *1* | *0* | *1* |
| *Валандово* | *0* | *1* | *1* |
| *Кратово* | *0* | *1* | *1* |
| *Пробиштип* | *1* | *0* | *1* |
| *Дебар* | *1* | *1* | *2* |
| *Кичево* | *2* | *0* | *2* |
| *Струга* | *2* | *1* | *3* |
| *Прилеп* | *1* | *4* | *5* |
| *Гостивар* | *4* | *2* | *6* |
| *Делчево* | *6* | *2* | *8* |
| *Македонски Брод* | *7* | *1* | *8* |
| *Неготино* | *4* | *5* | *9* |
| *Свети Николе* | *7* | *4* | *11* |
| *Кочани* | *13* | *6* | *19* |
| *Куманово* | *4* | *16* | *20* |
| *Велес* | *13* | *10* | *23* |
| *Тетово* | *18* | *9* | *27* |
| *Скопје* | *24* | *45* | *69* |
| *Битола* | *47* | *33* | *80* |
| *Вкупно* | *155* | *141* | *296* |

Вкупен број на евидентирани деца жртви во 2024 е 296, односно 81 деца жртви на 100.000 популација. Оваа бројка е за 40% повисока од 2023 кога изнесуваше 212, и за 77% пониска од 2022, кога беа евидентирани 1315 деца жртви.

Графикон 5: Број на идентификувани деца жртви во центрите за социјална работа во периодот 2022-2024 година




Од евидентираните, 52%се од машки и 48% од женски пол.
Најголем број е евидентиран во Битола – 80 деца.

## 2.2. Евидентирани деца жртви на кривични дела од МВР

Вкупен број на деца жртви на кривични дела идентификувани од Министерството за внатрешни работи е 572 што претставува 157 деца жртви на популација од 100.000 деца. Од вкупниот број, 62% се од машки пол, додека 38% се од женски пол.

***Табела 7: Број на деца жртви идентификувани од МВР, по СВР и пол***

| | *Машки* | *Женски* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|
| *Велес* | *8* | *17* | *25* |
| *Куманово* | *21* | *16* | *37* |
| *Охрид* | *20* | *19* | *39* |
| *Струмица* | *26* | *19* | *45* |
| *Штип* | *39* | *31* | *70* |
| *Тетово* | *108* | *4* | *112* |
| *Скопје* | *71* | *42* | *113* |
| *Битола* | *59* | *72* | *131* |
| *Вкупно* | *352* | *220* | *572* |

Бројот на деца жртви во 2024 е за 36% понизок од бројот во 2023, кога како жртви биле евидентирани вкупно 891дете, и за 9% повисок од 2022 година кога биле евидентирани 524 деца жртви.
Најголем број на деца жртви се идентификувани од СВР Битола.

### *2.3. Идентификувани деца жртви на кривични дела од јавните обвинителства*

Бројот на деца жртви идентификувани од ЈО во 2024 година е 441, односно 121 на 100.000 деца.
Бројот на деца жртви во 2024 е за 7% повисок од 2023 и за 79% повисок од 2022 година, кога како жртви биле евидентирани вкупно 414, односно 246 деца.
Поголем број од жртвите, 53% се од машки пол, 47% се од женски пол.
Најголем број деца жртви се идентификувани од страна на ОЈО Скопје (118).

Табела 8: Број на деца жртви идентификувани од јавните обвинителства, по ОЈО и според пол

| ***ОЈО*** | ***Машки*** | ***Женски*** | ***Вкупно*** |
|---|---|---|---|
| ***Кочани*** | ***Нема податоци*** | | |
| ***К.Паланка*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***ОЈО ГОКК*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Дебар*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Охрид*** | ***0*** | ***1*** | ***1*** |
| ***Ресен*** | ***1*** | ***0*** | ***1*** |
| ***Гостивар*** | ***1*** | ***1*** | ***2*** |
| ***Делчево*** | ***2*** | ***1*** | ***3*** |
| ***Гевгелија*** | ***4*** | ***4*** | ***8*** |
| ***Струга*** | ***5*** | ***5*** | ***10*** |
| ***Св.Николе*** | ***6*** | ***4*** | ***10*** |
| ***Битола*** | ***12*** | ***1*** | ***13*** |
| ***Штип*** | ***11*** | ***2*** | ***13*** |
| ***Струмица*** | ***2*** | ***15*** | ***17*** |
| ***Кичево*** | ***8*** | ***11*** | ***19*** |
| ***Кавадарци*** | ***13*** | ***7*** | ***20*** |
| ***Радовиш*** | ***12*** | ***8*** | ***20*** |
| ***Берово*** | ***19*** | ***7*** | ***26*** |
| ***Тетово*** | ***24*** | ***7*** | ***31*** |
| ***Куманово*** | ***18*** | ***15*** | ***33*** |
| ***Велес*** | ***26*** | ***30*** | ***56*** |
| ***Прилеп*** | ***27*** | ***33*** | ***60*** |
| ***Скопје*** | ***56*** | ***62*** | ***118*** |
| ***ВКУПНО*** | ***247*** | ***214*** | ***461*** |




Графикон 6: Деца жртви идентификувани во Јавните обвинителства

### *2.4. Идентификувани деца жртви на кривични дела од суд*

Во 2024 година во основните судови со проширена надлежност во Република Македонија евидентирани се 185 деца жртви на кривични дела, што претставува 51 деца на популација од 100.000. Од нив, 73% се од машки пол и 27% од женски пол.
ОС Битола, Гостивар, Кичево, и Тетово немаат идентификувано деца жртви во 2024 година.
Бројот на деца жртви во 2024 година е за 30% повисок од 2023 година, кога биле регистрирани 142 деца жртви, и за 40% понизок од 2022 кога бројот на деца жртви изнесувал 306.

***Табела 9: Број на деца жртви идентификувани од основните судови, по ОС и пол***

| | *Машки* | *Женски* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|
| ***ОС Гевгелија*** | ***Нема податоци*** | | |
| ***ОС Кр. Паланка*** | ***Нема податоци*** | | |
| ***ОС Охрид*** | ***Нема податоци*** | | |
| ***ОС Ресен*** | ***Нема податоци*** | | |
| ***ОС Св. Николе*** | ***Нема податоци*** | | |
| ***ОС Скопје*** | ***Нема податоци*** | | |
| ***ОС Струга*** | ***Нема податоци*** | | |
| ***ОС Струмица*** | ***Нема податоци*** | | |
| ***ОС Битола*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***ОС Гостивар*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***ОС Кичево*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***ОС Тетово*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***ОС Кавадарци*** | ***0*** | ***3*** | ***3*** |
| ***ОС Велес*** | ***3*** | ***1*** | ***4*** |
| ***ОС Штип*** | ***9*** | ***1*** | ***10*** |
| ***ОС Кочани*** | ***13*** | ***12*** | ***25*** |
| ***ОС Неготино*** | ***21*** | ***15*** | ***36*** |
| ***ОС Прилеп*** | ***49*** | ***5*** | ***44*** |
| ***ОС Куманово*** | ***37*** | ***23*** | ***60*** |
| ***Вкупно*** | ***132*** | ***60*** | ***182*** |

Со цел да се добие претстава за бројот на идентификувани деца жртви по институции и по пол во текот на 2024 година, податоците графички се прикажани подолу:




Графикон 7: Број на деца жртви по институции и пол – 2024 година

## ***Индикатор 3: Деца во судир со законот***

Со овој индикатор се мери број на деца кои биле повикани во полициска станица на вкупна популација на деца заради добивање информации, а за кои постојат основи на сомнение дека сториле дејствија кои со закон се предвидени како кривично дела.

Вкупен број на деца повикани во полициска станица во 2024 година изнесува 1246. Од нив, 627 деца се во својство на пријавени, што претставува 172 деца на популација од 100.000.

Освен пријавените, во полициска станица се повикани и 296 деца во својство на сведок и 323 деца жртви.
Споредено со 2023 година, кога вкупно 1484 деца биле повикани, во 2024 година бројката е намалена за 238 деца или за 16%.
Во 2022, 964 деца биле повикани во полициска станица, што значи дека во 2024 бројката на повикани деца е зголемена за 282 деца или за 29%.

Табела 10: Број на деца повикани во ПС
заради собирање на информации од страна на МВР

| | *Сведоци* | | | *Оштетени* | | | *Пријавени* | | | *Вкупно* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *М* | *Ж* | *Вкупно* | *М* | *Ж* | *Вкупно* | *М* | *Ж* | *Вкупно* | *М* | *Ж* | *Вкупно* |
| ***Велес*** | ***17*** | ***1*** | ***18*** | ***3*** | ***15*** | ***18*** | ***1*** | ***0*** | ***1*** | ***21*** | ***16*** | ***37*** |
| ***Струмица*** | ***5*** | ***1*** | ***6*** | ***11*** | ***7*** | ***18*** | ***20*** | ***0*** | ***20*** | ***36*** | ***8*** | ***44*** |
| ***Штип*** | ***25*** | ***7*** | ***32*** | ***8*** | ***3*** | ***11*** | ***15*** | ***4*** | ***19*** | ***48*** | ***14*** | ***62*** |
| ***Охрид*** | ***12*** | ***4*** | ***16*** | ***7*** | ***6*** | ***13*** | ***107*** | ***4*** | ***111*** | ***126*** | ***14*** | ***140*** |
| ***Куманово*** | ***25*** | ***8*** | ***33*** | ***32*** | ***24*** | ***56*** | ***78*** | ***13*** | ***91*** | ***135*** | ***45*** | ***180*** |
| ***Битола*** | ***92*** | ***6*** | ***98*** | ***28*** | ***37*** | ***65*** | ***31*** | ***2*** | ***33*** | ***151*** | ***45*** | ***196*** |
| ***Тетово*** | ***32*** | ***0*** | ***32*** | ***108*** | ***4*** | ***112*** | ***109*** | ***0*** | ***109*** | ***249*** | ***4*** | ***253*** |
| ***Скопје*** | ***46*** | ***15*** | ***61*** | ***18*** | ***12*** | ***30*** | ***222*** | ***21*** | ***243*** | ***286*** | ***48*** | ***334*** |
| ***Вкупно*** | ***254*** | ***42*** | ***296*** | ***215*** | ***108*** | ***323*** | ***583*** | ***44*** | ***627*** | ***1052*** | ***194*** | ***1246*** |

Од вкупниот број, 1052 деца или 84% се од машки пол, додека 194 или 16% од женски. Процентот на женски деца е најнизок во категоријата пријавени (7%).




Графикон 9: Полова структура на децата повикани во полициска станица по различен основ

## *Индикатор 4: Прекршочни постапки и прекршочни санкции спрема деца*

Овој индикатор го мери бројот на деца за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка од страна на МВР, изречени прекршочни санкции од страна на судовите и бројот на доставени наоди и мислења од страна на центрите за социјална работа.

### *4.1. Министерство за внатрешни работи*

Во 2024 год, МВР има поднесено 372 барања за поведување прекршочна постапка, што е за 514 барања помалку од 2023 година, односно за 58 % помалку.




Графикон 10: Број на деца за кои е поднесено Барање за поведување прекршочна постапка по година и пол

Табела 11: Број на деца за кои е поведена постапка по сторен прекршок (БППП или постапка за спогодување)

| | *Машки* | *Женски* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|
| ***Тетово*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Велес*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Струмица*** | ***7*** | ***0*** | ***7*** |
| ***Штип*** | ***42*** | ***3*** | ***45*** |
| ***Куманово*** | ***62*** | ***3*** | ***65*** |
| ***Битола*** | ***83*** | ***2*** | ***85*** |
| ***Охрид*** | ***102*** | ***4*** | ***106*** |
| ***Скопје*** | ***98*** | ***17*** | ***115*** |
| ***Вкупно*** | ***394*** | ***29*** | ***423*** |

Во однос на возраста, 104 деца или 28% се помлади од 16 години. Процентот на помлади малолетни лица меѓу извршителите на прекршоци е највисок во Струмица (43%), а најнизок во Охрид (11%).

Табела 12: Број на деца за кои е поведена постапка (прекршочна или за спогодување), по СВР и возраст

| | ***Под 16 години*** | ***Од 16 до 18 години*** | ***Вкупно*** |
|---|---|---|---|
| ***Струмица*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Штип*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Куманово*** | ***3*** | ***4*** | ***7*** |
| ***Скопје*** | ***8*** | ***37*** | ***45*** |
| ***Битола*** | ***8*** | ***57*** | ***65*** |
| ***Охрид*** | ***28*** | ***57*** | ***85*** |
| ***Велес*** | ***12*** | ***94*** | ***106*** |
| ***Тетово*** | ***45*** | ***70*** | ***115*** |
| ***Вкупно*** | ***104*** | ***319*** | ***423*** |

Постапка за посредување е успешно завршена кај 51 дете (30 кај деца до 16 години и 21 кај деца од 16 до 18 години), што претставува 12% од вкупниот број на деца кои извршиле прекршок. За останатите 372 деца поднесено е барање за поведување прекршочна постапка. Процентот на успешни посредувања бил 12% во 2023 и 4% во 2022 година.

Најголемиот број на успешни постапки (43) се спроведени во Скопје.

Табела 13: Број на деца за кои е поведена постапка за спогодување и кај кои е успешно завршена

| | ***Поднесено барање за ПП до 16 години*** | | | ***Постапка на спогодување до 16 години / успешна*** | | | ***Поднесени барање за ПП од 16 до 18 години*** | | | ***Постапка на спогодување од 16 до 18 години/ успешна*** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***СВР*** | ***М*** | ***Ж*** | ***Вкупно*** | ***М*** | ***Ж*** | ***Вкупно*** | ***М*** | ***Ж*** | ***Вкупно*** | ***М*** | ***Ж*** | ***Вкупно*** | ***Вкупно*** |
| ***Тетово*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Велес*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Струмица*** | ***1*** | ***0*** | ***1*** | ***2*** | ***0*** | ***2*** | ***2*** | ***0*** | ***2*** | ***2*** | ***0*** | ***2*** | ***7*** |
| ***Штип*** | ***8*** | ***0*** | ***8*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***32*** | ***3*** | ***35*** | ***2*** | ***0*** | ***2*** | ***45*** |
| ***Куманово*** | ***8*** | ***0*** | ***8*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***54*** | ***3*** | ***57*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***65*** |
| ***Битола*** | ***28*** | ***0*** | ***28*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***55*** | ***2*** | ***57*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***85*** |
| ***Охрид*** | ***9*** | ***1*** | ***10*** | ***2*** | ***0*** | ***2*** | ***91*** | ***3*** | ***94*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***106*** |
| ***Скопје*** | ***17*** | ***2*** | ***19*** | ***22*** | ***4*** | ***26*** | ***45*** | ***8*** | ***53*** | ***14*** | ***3*** | ***17*** | ***115*** |
| ***Вкупно*** | ***71*** | ***3*** | ***74*** | ***26*** | ***4*** | ***30*** | ***279*** | ***19*** | ***298*** | ***18*** | ***3*** | ***21*** | ***423*** |




Графикон 11: Број на деца за кои постапката за спогодување е успешно завршена и број на деца за кои е поднесено барање за поведување прекршочна постапка

## 4.2. Центри за социјална работа

Во 2024 година судовите побарале од центрите за социјална работа мислење за 884 деца спрема кои е поведена прекршочна постапка, од кои 826 за машки, и 58 за деца од женски пол, односно од вкупниот број 93% се деца од машки пол. Најголем број на прекршочни постапки има во Центарот за социјална работа во Велес, спрема 199 деца.
Бројот во 2024 е за 7% понизок од 2023 (950) и за 18% повисок од 2022 (746).

Табела 14: Број на деца за кои судот побарал мислење од ЦСР, по пол

| | ***Машки*** | ***Женски*** | ***Вкупно*** |
|---|---|---|---|
| ***Валандово*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Виница*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Гостивар*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Крушево*** | ***1*** | ***0*** | ***1*** |
| ***Демир Хисар*** | ***2*** | ***0*** | ***2*** |
| ***Струмица*** | ***2*** | ***0*** | ***2*** |
| ***Берово*** | ***3*** | ***0*** | ***3*** |
| ***Гевгелија*** | ***4*** | ***0*** | ***4*** |
| ***Пробиштип*** | ***4*** | ***0*** | ***4*** |
| ***Тетово*** | ***3*** | ***1*** | ***4*** |
| ***Дебар*** | ***5*** | ***0*** | ***5*** |
| ***Радовиш*** | ***5*** | ***0*** | ***5*** |
| ***Делчево*** | ***3*** | ***2*** | ***5*** |
| ***Крива Паланка*** | ***6*** | ***0*** | ***6*** |
| ***Кочани*** | ***6*** | ***1*** | ***7*** |
| ***Македонски Брод*** | ***11*** | ***0*** | ***11*** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Охрид*** | ***11*** | ***2*** | ***13*** |
| ***Свети Николе*** | ***14*** | ***0*** | ***14*** |
| ***Ресен*** | ***15*** | ***0*** | ***15*** |
| ***Кратово*** | ***13*** | ***3*** | ***16*** |
| ***Штип*** | ***15*** | ***1*** | ***16*** |
| ***Кичево*** | ***34*** | ***0*** | ***34*** |
| ***Струга*** | ***37*** | ***7*** | ***44*** |
| ***Кавадарци*** | ***49*** | ***4*** | ***53*** |
| ***Прилеп*** | ***46*** | ***9*** | ***55*** |
| ***Куманово*** | ***69*** | ***3*** | ***72*** |
| ***Неготино*** | ***76*** | ***1*** | ***77*** |
| ***Скопје*** | ***89*** | ***9*** | ***98*** |
| ***Битола*** | ***112*** | ***7*** | ***119*** |
| ***Велес*** | ***191*** | ***8*** | ***199*** |
| ***Вкупно*** | ***826*** | ***58*** | ***884*** |

### *4.3. Суд*

Вкупен број на деца на кои во 2024 им се изречени пркршочни санкции е 1264, од нив 1230 (97%) се машки и 34 (3%) женски.

Оваа бројка е за 22% пониска од 2023 кога беа изречени прекршочни санкции на 1617 и за 4% пониска од бројката во 2022, кога санкции се изречени на 1320 деца.

Најголем број прекршочни санкции се изречени од судот во Тетово (384). Во судот во Берово, Гевгелија, Кратово, Неготино, и Струга не се изречени прекршочни санкции.

Tабела 15: Број на деца за кои судот изрекол прекршочни санкции, по ОС и пол

| | ***Машки*** | ***Женски*** | ***Вкупно*** |
|---|---|---|---|
| ***ОС Берово*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***ОС Гевгелија*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***ОС Кратово*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***ОС Неготино*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***ОС Струга*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***ОС Кочани*** | ***5*** | ***0*** | ***5*** |
| ***ОС Битола*** | ***6*** | ***0*** | ***6*** |
| ***ОС Штип*** | ***23*** | ***6*** | ***29*** |
| ***ОС Прилеп*** | ***45*** | ***1*** | ***46*** |
| ***ОС Кичево*** | ***53*** | ***1*** | ***54*** |
| ***Основен кривичен суд Скопје*** | ***109*** | ***5*** | ***114*** |
| ***ОС Кавадарци*** | ***116*** | ***0*** | ***116*** |
| ***ОС Гостивар*** | ***127*** | ***2*** | ***129*** |
| ***ОС Куманово*** | ***160*** | ***4*** | ***164*** |
| ***ОС Велес*** | ***209*** | ***8*** | ***217*** |
| ***ОС Тетово*** | ***377*** | ***7*** | ***384*** |
| ***Вкупно*** | ***1230*** | ***34*** | ***1264*** |

На графиконот подолу претставени се споредбени податоци за периодот 2022, 2023 и 2024 година со цел добивање претстава за трендот на деца сторители наспроти изречените санкции за прекршоците.




Графикон 12: Процесирање на прекршочни случаи во 2022, 2023 и 2024 година

## *Индикатор 5: Посебни простории за водење на разговор во ПС*

Со овој индикатор се мери процентот на деца спрема кои МВР постапило согласно стандардите - условите пропишани во законските одредби, водење разговор со деца во посебно опремени простории.

Од вкупно 1246 деца повикани во полициска станица, разговор во посебна просторија е воден со 6 деца, односно со 0,5% од повиканите деца.
Со пет деца е разговарано во Битола и со едно во Скопје.
Во 2023 година разговор во посебна просторија е воден со 61 дете, и со 188 деца во 2022.

Табела 16: Број на деца со кои е воден разговор во посебни простории, по СВР и пол

| | ***Машки*** | ***Женски*** | ***Вкупно*** |
|---|---|---|---|
| ***Велес*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Куманово*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Охрид*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Струмица*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Тетово*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Штип*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Скопје*** | ***0*** | ***1*** | ***1*** |
| ***Битола*** | ***2*** | ***3*** | ***5*** |
| ***Вкупно*** | ***2*** | ***4*** | ***6*** |

Од податоците презентирани во табелата евидентно е дека од година во година значително се намалува бројот на деца со кои се разговарало во посебна просторија.




Графикон 13: Број на деца повикани во ПС и деца со кои се разговарало во посебни простории, според СВР

Споредено по пол, од 194 деца од женски пол повикани во полициска станица, разговор во посебна просторија е воден со 4 деца. Од 1052 машки деца повикани во полициска станица, во посебна просторија е разговарано со две деца.

## *Индикатор 6: Задржани деца во полициска станица*

Со овој индикатор се мери процентот на деца кои биле задржани во полициска станица, во однос на вкупниот број повикани деца во 2024 година.

Од вкупно повикани 1246 деца, во полициска станица биле задржани 149, односно 12% од повиканите. Процентот на задржани деца е највисок во Скопје, каде се задржани 31% од повиканите деца. Во останатите градови, процентот на задржани деца се движи од 0% до 16%. Во однос на полот, 77% од задржаните деца се од машки и 23% од женски пол.

***Табела 17: Број на деца задржани во полициска станица, по СВР пол***

| | ***Машки*** | ***Женски*** | ***Вкупно*** |
|---|---|---|---|
| ***Битола*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Штип*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Струмица*** | ***1*** | ***0*** | ***1*** |
| ***Велес*** | ***2*** | ***0*** | ***2*** |
| ***Охрид*** | ***3*** | ***0*** | ***3*** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Тетово*** | ***10*** | ***0*** | ***10*** |
| ***Куманово*** | ***26*** | ***2*** | ***28*** |
| ***Скопје*** | ***73*** | ***32*** | ***105*** |
| ***Вкупно*** | ***115*** | ***34*** | ***149*** |

Бројот на задржани деца во 2024 е за 198% повисок од 2023, кога биле задржани 50 деца и за 166% повисок од 2022 година кога бројот на задржани бил 56.

## *Индикатор 7: Деца во ризик кон кои се применети мерки на помош и заштита во Центар за социјална работа*

Со овој индикатор се мери процентот на децата во ризик кои во центарот добиле услуги, односно се примениле мерки за помош и заштита во 2024 година, споредбено со сите деца во ризик кои се упатени во ЦСР. Податоците се собрани од сите 30 центри за социјална работа во Република Северна Македонија.

Од вкупно 3808 деца во ризик евидентирани во центрите за социјална работа, во 2024 година мерки за помош и заштита биле применети кон 2657 деца односно кон 70% од децата во ризик. Од нив 77% се деца од машки пол, а 23% се од женски пол.
Споредено со претходните години, процентот на децата во ризик кон кои биле применети мерки за помош и заштита во 2024 е за 4 процентни поени повисок во однос на 2023 кога изнесуваше 66% и за 22 процентни поени повисок од 2022 кога изнесуваше 48%.

Табела 18: Број на деца во ризик кон кои се применети мерки на помош и заштита, по ЦСР и пол

| | ***Машки*** | ***Женски*** | ***Вкупно*** |
|---|---|---|---|
| ***Струга*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Струмица*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***Кратово*** | ***0*** | ***1*** | ***1*** |
| ***Демир Хисар*** | ***2*** | ***0*** | ***2*** |
| ***Крушево*** | ***2*** | ***0*** | ***2*** |
| ***Берово*** | ***3*** | ***2*** | ***5*** |
| ***Валандово*** | ***7*** | ***1*** | ***8*** |
| ***Радовиш*** | ***8*** | ***3*** | ***11*** |
| ***Кичево*** | ***8*** | ***4*** | ***12*** |
| ***Кочани*** | ***8*** | ***5*** | ***13*** |
| ***Кавадарци*** | ***7*** | ***7*** | ***14*** |
| ***Ресен*** | ***15*** | ***0*** | ***15*** |
| ***Дебар*** | ***15*** | ***2*** | ***17*** |
| ***Штип*** | ***10*** | ***8*** | ***18*** |
| ***Гостивар*** | ***17*** | ***2*** | ***19*** |
| ***Македонски Брод*** | ***18*** | ***1*** | ***19*** |
| ***Пробиштип*** | ***19*** | ***4*** | ***23*** |
| ***Гевгелија*** | ***21*** | ***7*** | ***28*** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Охрид* | *24* | *5* | *29* |
| *Делчево* | *28* | *4* | *32* |
| *Крива Паланка* | *29* | *7* | *36* |
| *Виница* | *36* | *8* | *44* |
| *Свети Николе* | *56* | *10* | *66* |
| *Прилеп* | *84* | *23* | *107* |
| *Неготино* | *115* | *15* | *130* |
| *Куманово* | *114* | *29* | *143* |
| *Тетово* | *126* | *34* | *160* |
| *Битола* | *127* | *49* | *176* |
| *Велес* | *258* | *43* | *301* |
| *Скопје* | *895* | *331* | *1226* |
| *Вкупно* | *2052* | *605* | *2657* |

## *Индикатор 8: Применети мерки на помош и заштита на деца во ризик во Центар за социјална работа*

Со овој индикатор се мери бројот на мерки на помош и заштита во период од една година, споредбено со вкупниот број на деца во ризик кон кои се примениле. Споредбата со индикаторот број 7 може да ни покаже колку мерки во просек се применуваат спрема едно дете.

Кон вкупно 3808 деца во ризик, во 2024 година биле применети 6320 мерки, односно по 1,7 мерки по дете. Ова е зголемување во однаос на 2023 година, кога биле применети по 1,5 мерки, и во однос на 2022 кога биле применети по 0,85 мерки по дете.

Во однос на пол, кон децата од женски пол се применети во просек по 1,71 мерки, додека кон машките деца по 1,65 мерки.

Табела 19: Број на применети мерки на помоши заштита, по ЦСР и пол

| | Машки | | | Женски | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на деца во ризик | Број на применети мерки | Број на мерки по дете | Број на деца во ризик | Број на применети мерки | Број на мерки по дете | Број на деца во ризик | Број на применети мерки | Број на мерки по дете |
| *Струга* | *76* | *0* | *0.00* | *11* | *0* | *0.00* | *87* | *0* | *0.00* |
| *Струмица* | *37* | *0* | *0.00* | *8* | *0* | *0.00* | *45* | *0* | *0.00* |
| *Кратово* | *15* | *0* | *0.00* | *8* | *1* | *0.13* | *23* | *1* | *0.04* |
| *Прилеп* | *106* | *7* | *0.07* | *45* | *12* | *0.27* | *151* | *19* | *0.13* |
| *Кавадарци* | *67* | *7* | *0.10* | *10* | *7* | *0.70* | *77* | *14* | *0.18* |
| *Кочани* | *149* | *21* | *0.14* | *19* | *11* | *0.58* | *168* | *32* | *0.19* |
| *Демир Хисар* | *3* | *2* | *0.67* | *4* | *0* | *0.00* | *7* | *2* | *0.29* |
| *Крушево* | *12* | *4* | *0.33* | *1* | *0* | *0.00* | *13* | *4* | *0.31* |
| *Гостивар* | *72* | *29* | *0.40* | *7* | *2* | *0.29* | *79* | *31* | *0.39* |
| *Тетово* | *144* | *112* | *0.78* | *43* | *32* | *0.74* | *187* | *144* | *0.77* |
| *Делчево* | *33* | *28* | *0.85* | *7* | *4* | *0.57* | *40* | *32* | *0.80* |
| *Штип* | *31* | *27* | *0.87* | *7* | *5* | *0.71* | *38* | *32* | *0.84* |
| *Охрид* | *98* | *78* | *0.80* | *12* | *20* | *1.67* | *110* | *98* | *0.89* |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Неготино* | *112* | *115* | *1.03* | *25* | *15* | *0.60* | *137* | *130* | *0.95* |
| *Крива Паланка* | *29* | *29* | *1.00* | *7* | *7* | *1.00* | *36* | *36* | *1.00* |
| *Македонски Брод* | *18* | *18* | *1.00* | *1* | *1* | *1.00* | *19* | *19* | *1.00* |
| *Пробиштип* | *19* | *19* | *1.00* | *4* | *4* | *1.00* | *23* | *23* | *1.00* |
| *Битола* | *415* | *381* | *0.92* | *90* | *147* | *1.63* | *505* | *528* | *1.05* |
| *Велес* | *280* | *305* | *1.09* | *47* | *49* | *1.04* | *327* | *354* | *1.08* |
| *Куманово* | *114* | *130* | *1.14* | *29* | *31* | *1.07* | *143* | *161* | *1.13* |
| *Валандово* | *7* | *7* | *1.00* | *1* | *3* | *3.00* | *8* | *10* | *1.25* |
| *Гевгелија* | *21* | *28* | *1.33* | *7* | *17* | *2.43* | *28* | *45* | *1.61* |
| *Радовиш* | *16* | *24* | *1.50* | *3* | *9* | *3.00* | *19* | *33* | *1.74* |
| *Кичево* | *8* | *18* | *2.25* | *4* | *12* | *3.00* | *12* | *30* | *2.50* |
| *Скопје* | *917* | *2685* | *2.93* | *439* | *993* | *2.26* | *1356* | *3678* | *2.71* |
| *Ресен* | *15* | *45* | *3.00* | *0* | *0* | */* | *15* | *45* | *3.00* |
| *Свети Николе* | *77* | *302* | *3.92* | *14* | *38* | *2.71* | *91* | *340* | *3.74* |
| *Виница* | *36* | *162* | *4.50* | *8* | *37* | *4.63* | *44* | *199* | *4.52* |
| *Берово* | *3* | *9* | *3.00* | *0* | *6* | */* | *3* | *15* | *5.00* |
| *Дебар* | *16* | *258* | *16.13* | *1* | *7* | *7.00* | *17* | *265* | *15.59* |
| *Вкупно* | *2946* | *4850* | *1.65* | *862* | *1470* | *1.71* | *3808* | *6320* | *1.66* |

